Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19 и 114/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30 јули 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/20) на Друштвото за трговија промет и услуги ВАНГАРД ДОО Скопје, во Прилогот, во точката 1, зборовите “ул. Народен Фронт бр. 3/3 Скопје-Центар” се заменуваат со зборовите “ул. Костурски Херои бр.35-8, Скопје-Центар.”

2. Измената од точка 1 на оваа одлука се врши по службена должност согласно известување за настанати промени во седиштето на носителот на лиценца.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија промет и услуги ВАНГАРД ДОО Скопје, со седиште на ул. Костурски Херои бр.35-8, Скопје-Центар (во натамошниот текст: Друштво), на 27 јули 2020 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Известување за настанати промени кај носител на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија, УП1 бр.12-149/20 од 27 јули 2020 година (во понатамошниот текст: Известување). Известувањето се однесува на настанати промени во седиштето на Друштвото.

Седиштето на Друштвото се менува од “ул. Народен Фронт бр. 3/3 Скопје-Центар” во “ул. Костурски Херои бр.35-8, Скопје-Центар”.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на седиштето.

Регулаторната комисија за енергетика на 30 јули 2020 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на Друштвото за трговија промет и услуги ВАНГАРД ДОО Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр. 12-149/20**
**30 јули 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**